репортажа



Катакомба на свети Калист. Кубикула на пет Светители. Всушност на фреската се претставени шест личности кои се молат во една градина, која го претставува рајот (paradeisos на грчки значи градина). До секој лик е напишано неговото име: Дионисија, Немесиј, Прокопиј, Елиодора, Зое, Аркадија.

# РИМСКИТЕ КАТАКОМБИ

Катакомбите се древни подземни гробишта, коишто ги користеле еврејските и христијанските заедници. Зборот катакомба е од грчко потекло, а значи *вдлабнатина, корито*. Христијанските катакомби, коишто се најбројни, потекнуваат од 2 век, а ископувања траеле сè до првата половина на 5 век. Во почетокот катакомбите служеле само како место за погребување. За време на прогоните, тие биле и привремено прибежиште за служење на Евхаристијата и за извршување на другите Свети Тајни. По завршувањето на прогоните, катакомбите станале вистински маченички светилишта, места за поклонение на христијаните од сите краишта на Римското царство. Заради Римскиот закон, којшто забранувал погребување на починатите во внатрешноста на градските ѕидини, сите катакомби се сместени покрај главните патишта кои биле изградени од римските конзули и, воглавно, во непосредна близина на тогашното предградие.




Катакомба на свети Калист. Галерија со локули

Христијаните го одбегнувале паганскиот обичај на спалување на телата. По примерот на погребениот Христос ги погребувале своите починати, заради почит кон телото на коешто му е одредено еден ден да воскресне од мртвите. Ваквиот христијански став создавал проблем околу просторот, проблем којшто понатаму имал големо влијание на понатамошниот развој на катакомбите. Ако користеле само гробишта на отворено, слободниот простор многу брзо би се пополнил, бидејќи христијаните воглавно не го користеле истиот гроб повеќе пати. Катакомбите го решиле проблемот на практичен и сигурен начин. Бидејќи првите христијани воглавно биле сиромашни, овој начин на погребување бил решавачки.

Постоеле и други причини поради кои христијаните го избирале подземното погребување. Тие осамени места овозможувале, посебно за време на прогоните, скриено собирање заради служење Света Евхаристија и извршување на другите Свети Тајни.

## Историја на катакомбите

Во првиот век христијаните во Рим немале сопствени гробишта. Доколку поседувале земјиште, таму ги погребувале своите починати. Ако, пак, немале сопствено земјиште, ги користеле заедничките гробишта што ги користеле и паганите.

Во првата половина на 2 век христијаните почнале да ги погребуваат своите починати под земја. Тоа бил почеток на катакомбите: повеќето настанале и се развиле околу семејните гробници чиишто сопственици, новобратените, не ги користеле само за фамилијата, туку ги отворале и за своите браќа по вера. Со текот на времето гробните подрачја се прошириле и под управа на самата Црква.


Катакомба на свети Севастијан. Поглед на трите мавзолеи


Поглед на римската калдрма на улицата Апиа, долж која под земјата се наоѓаат многубројни значајни катакомби

Со Миланскиот едикт, којшто во февруари 313 година бил објавен од царевите Константин и Лициниј, христијаните повеќе не биле гонети. Тие можеле слободно да ја исповедаат својата вера, да градат места за богопочитување, како и цркви внатре и надвор од градските ѕидини, и можеле да купуваат земјишта без страв дека ќе им бидат запленети. Но сепак, катакомбите и понатаму редовно се користеле како гробишта сè до почетокот на 5 век, кога Црквата одново почнала да погребува исклучително на површината на земјата или во базилики посветени на познати маченици.

Кога варварите влегле во Италија и дошле сè до Рим, уништувале мноштво споменици и ограбувале многу места, вклучувајќи ги и катакомбите. Немоќни пред тие натрапници, кон крајот на 8 век и на почетокот на 9 век епископите наредиле моштите на мачениците и светителите, заради сигурност, да се сместат во црквите во градот.

Откако моштите биле пренесени, катакомбите повеќе не биле посетувани; дури биле и сосема напуштени, освен катакомбите на свети Севастијан, свети Лаврентиј и свети Панкратиј. Со текот на времето, одроните и растенијата ги закрчиле влезовите на останатите катакомби, така што дури и трагите им се загубиле. За време на доцниот среден век не постоеле сознанија каде тие се наоѓаат.

Истражувањето и научното проучување на катакомбите започнало по неколку века.



План на катакомбата на свети Калист. Аксонометриска проекција на катакомбата на свети Калист. На второто ниво кое е и најстаро се наоѓаат криптата на светите папи, криптата на света Кикилија и кубикулата на Светите Тајни.

## Опис на катакомбите

Катакомбите се состојат од ланец на подземни ходници коишто потсетуваат на вистински лавиринти, а нивната вкупна должина се пресметува во километри. Во ѕидовите на тој систем на ходници ископани се во низ правоаголни ниши во различни големини, наречени *локули*, во коишто можело да се смести само едно тело, но не биле ретки ниту оние во коишто се наоѓале тела на двајца и повеќе луѓе.

Погребувањето на првите христијани било крајно едноставно и скромно. Според примерот на Христос, христијаните биле обвиткани во прекривка или ленено платно, без сандак. *Локулите* (ѕидните гробници) тогаш се затворани со мермерни плочи или најчесто со малтер зацврстен со керамиди. Некогаш на плочата било напишано името на починатиот, а покрај тоа и некој христијански знак. Често покрај гробовите биле поставени мали кандила или садови со мириси.

Заради нивното сместување во редови еден врз друг, гробовите потсетуваат на голема соба за спиење наречена cymiterium - израз од грчко потекло којшто значи место на одмор. На тој начин христијаните ја потврдувале својата вера во воскресението. Освен локулите имало и други видови на гробови: аркосолиј, саркофаг, форма, кубикул и крипта.

*Аркосолиј* е типичен гроб од 3 и 4 век, којшто се состои од голема вдлабнатина во ѕидот над којашто се наоѓа лак. Мермерната плоча била поставена хоризонтално. Аркосолиј обично служел како гробница за едно цело семејство. *Саркофаг* е сандак од камен или од мермер, обично украсен со ликови во релјеф или со натписи. *Форма* е гроб ископан во подот на крипта, кубикула или ходник. Се наоѓаат во близина на гробовите на маченицитe. *Кубикули* се мали собички, вистински семејни гробници коишто заземале простор од неколку локули. Користењето на семејната гробница не било предност на богатите. Кубикулите и аркосолите биле често украсувани со фрески и прикази од Библијата, а биле прикажани Крштението, Евхаристијата и Воскресението. *Крипта* е поголема просторија. За време на светиот папа Дамас многу гробови на маченици се претворени во крипти, односно во мали подземни цркви, украсени со фрески, мозаици и други украси.

Катакомбите ги изработувале обучени работници коишто се нарекувале „fossori" (рово-копачи). Тие ископувале ходник по ходник под слаба светлина на своите светилки, а за изнесување земја на површина користеле кошници или вреќи коишто ги провлекувале низ отворите за светло, направени на сводот од криптата, кубикулата или покрај подземните ходници. По завршувањето на ископувањето, тие отвори останувале отворени за воздух и светлина.

Катакомба на Комодила. Предавање на клучевите. Оваа фреска ги прикажува следните зборови на Христос: „Ти си Петар и на тој камен ќе ја изградам Црквата Своја, и вратите на пеколот нема да ја надвладеат. И ќе ти ги дадам клучевите од небесното царство, и што ќе сврзеш на земјата, ќе биде сврзано на небесата; а што ќе разврзеш на земјата, ќе биде разврзано и на небесата".





## Симболи

Првите христијани живееле претежно во паганска и непријателска средина. За време на прогоните на Нерон (64 година после Христос) христијанската вера се сметала за „необично и незаконско празноверие“. Паганите немале доверба во христијаните и заради тоа ги држеле на оддалеченост и ги обвинувале како најголеми злосторници. Ги прогонувале, затворале, осудувале на прогонство или на смрт.

Бидејќи не можеле отворено да ја исповедаат својата вера, христијаните користеле симболи коишто ги цртале по ѕидовите на катакомбите или уште почесто, ги вдлабнувале во мермерните плочи со коишто биле затворани гробовите. Христијаните го сакале симболизмот, со симболите видливо ја покажувале својата вера. Главните симболи биле: Добриот Пастир, „човек на молитва“, Христовиот монограм и риба.

*Добриот пастир* со овца на плеќи го претставува Христос Спасителот и душата којашто Он ја спаси. Тој симбол често се среќава на фреските, на релјефите на саркофазите, на скулптурите, а има и многу такви коишто се врежани на гробовите. *Човек на молитва* е лик претставен со раширени раце којшто ја симболизира душата во божествен мир. *Христовиот монограм* е составен од две меѓусебно испреплетени грчки букви Х и Р. Тоа се првите две букви од зборот Христос. Монограмот, вдлабнат на гробот, означувал дека починатиот бил христијанин. *Риба* - IXYC. Кога овој збор е поставен вертикално тогаш буквите на овој збор прават акростих: IHCOYC XPICTOC ΘHON YIOC CΩTHP што значи Исус Христос, Син Божји, Спасител.
Останатите симболи се: гулаб, Алфа и Омега (A - Ω ), сидро, феникс, итн.

## Важноста на катакомбите

Во Рим постојат повеќе од 60 катакомби, со стотици километри подземни ходници и десетина илјадници гробови. Катакомби се наоѓаат и во: Чиуси, Болсена, Неапол, на источниот дел од Сицилија и во Северна Африка.

Заради важноста којашто ја имаат, катакомбите денес ги посетуваат илјадници поклоници од целиот свет. Имено, тие се сметаат за вистински архив на првата Црква заради непроценливата вредност на фреските, натписите, киповите итн., коишто сведочат за обичаите и навиките, за обредите и христијанското учење.





Катакомба на свети Калист. Фреска од Тајната вечера во кубикулата на Светите Тајни. Оваа сцена се повторува повеќе пати на различен начин во римските катакомби.

Првите христијани не ја закопувале својата вера и живот под земјата, туку живееле живот во семејство, во заедница, во сите работи и служби. Христијаните насекаде ја сведочеле својата вера, но токму во катакомбите тие наоѓале сила и поткрепа за да ги издржат искушенијата и прогоните молејќи Му се на Господ и барајќи ги молитвите на мачениците.

Првите христијани вистински Го сведочеле Христа - некои од нив ја пролеале и својата крв за Него, така што маченоштвото станало главно обележје на раната Црквата.

## Катакомбата на свети Калист

Катакомбата на свети Калист е меѓу најголемите и највеличенствените во Рим. Таа настанала во 2 век, а дел е од гробиштата коишто заземаат простор од 15 хектари земја. Подземните ходници на оваа катакомба се долги дваесетина километри и распределени се на неколку нивоа, а досегаат длабочина поголема од 20 метри. Таму се погребани десетици маченици, 16 епископи и многу други христијани.

Катакомбата името го добила по св. Калист Ѓакон, којшто на почетокот на 3 век бил поставен од папата Зефирин да управува со гробиштата, така катакомбата на св. Калист станала службено гробиште на Римската Црква.

На површината од земјата може да се видат две мали базилики, со три апсиди наречени Трикоре. Во западната се претпоставува дека биле погребани св. папа Зефирин (199-217) и младиот маченик Тарцизиј. Подземните гробишта се состојат од неколку делови: криптата на света Кикилија и криптата посветена на папите од раната Црква.

## Крипта посветена на Папите

Тоа е најважното место во катакомбите кои потекнуваат од 2 век. Таму се погребени 9 папи и веројатно 8 црковни достоинственици од 3 век. На ѕидовите се наоѓаат оригинални натписи на грчки јазик. Тоа сведочи дека првите христијани во Рим биле по потекло од источните земји или наследници на робови коишто дошле од грчки говорни подрачја. Имињата на некои од папите се изрезбани на надгробните плочи. Првиот папа кој бил погребен во оваа крипта е Понтијан (230-235), кој умрел за време на неговиот прогон во Сардинија. Потоа, Антир (пострадал маченички 40 дена по востоличувањето во 236); Фавијан (236-250) кој пострадал маченички за време на царот Декиј; Лукијан I (253-254); Стефан I (254-257); Сикст II (257-258) кој пострадал за време на царот Декиј; Дионисиј (259-268); Феликс I (269-274) и Евтихијан (275-283). Во тоа време римските епископи гинеле еден по друг, така што да се стане епископ во Рим значело да се биде предаден на смрт. Папата Дамас (384) бил последниот епископ погребен во оваа крипта. Тој ги составил најубавите химни посветени на мачениците.



Катакомбата на свети Калист. Крипта на светите папи

## Криптата на света Кикилија

Покрај криптата на светите Папи се наоѓа криптата на света Кикилија. Света Кикилија потекнувала од богата и угледна римска фамилија. Таа била изведена на суд зашто постојано ги обраќала незнабожците во Христовата вера. Во една вечер обратила четиристотини души. Пострадала маченички во 3 век. Во 821 година нејзините мошти се пренесени во римската четврт Трастевере, во базилика којашто нејзе ѝ е посветена. Нејзиниот спомен се празнува на 5 декември.

Во 7 - 8 век целата крипта била украсена со мозаици и фрески. На еден ѕид се наоѓа фреска на света Кикилија на молитва. Во една мала вдлабнатина во ѕидот се наоѓа фреска на Исус Христос со Евангелие во раката. Постојат и фрески на свети папа маченик Урбан, фрески на тројца маченици: Поликам, Севастијан и Квирин.



Катакомба на свети Калист. Крипта на света Кикилија. На гробот во поново време е поставена мермерна статуа на света Кикилија во положба во која што таа лежела на тоа место. Ѕидовите се украсени со фрески од 7 и 8 век, меѓу кои од левата страна е прикажан Спасителот.

## Останатите подрачја

Криптата на свети папа Гај (283-296) потекнува од 3 век и е многу голема. Се користела за разни собирања на христијанската заедница. Наспроти неа се наоѓа криптата на свети папа маченик Евсевиј (18 април - 17 август 309) која потекнува од 4 век. Покрај криптата на светите маченици Калочер и Партениј се наоѓа кубикул на светиот ѓакон Север. Во тој кубикул се наоѓа натпис во кој е римскиот епископ Маркелин за прв пат наречен папа. Постои и кубикул со фрески на кои Христос е прикажан како Добриот Пастир и фрески на кои се прикажани Свето Крштение и Света Евхаристија.

Криптите на света Лукија се наоѓаат покрај улицата Апиа. Во нив е сместен гробот на светиот маченик Корнилиј. Таму се и фреските на свети папа Сикст II, на свети папа Корнилиј (251-253), на светите епископи Кипријан и Опат. Во блискиот кубикул се наоѓаат неколку стари фески од 2 - 3 век, меѓу кои е и фреската на Добриот Пастир.

Во гробницата на свети Калист постојат величествени кубикули, неколку мавзолеи и разни надгробни натписи.

Катакомбите се историски доказ дека првата Црква била Црква на маченици и вистински христијани кои во секојдневниот живот ја сведочеле верата и љубовта Христова.